З А П И С Н И К
од Сто четириесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 13 јануари 2026 година

Скопје, јануари 2026 година

З А П И С Н И К
од Сто четириесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 13 јануари 2026 година

Седницата започна во 12:20 часот.

На седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата присуствуваа д-р Беким Сали, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за европски прашања, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Азир Алиу, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Муамед Хоџа, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, Албрим Хоџа, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура и туризам, д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт и м-р Сафије Садики Шаини, заменик на министерот за спорт.

На седницата присуствуваа и м-р Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, Андреа Ѓошевска и Димитар Димовски, претставници од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Методија Ристоски, нотар.

Од седницата отсуствуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија и членовите на Владата, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, Зоран Љутков, министер за култура и туризам и Борко Ристовски, министер за спорт.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записникот од Сто триесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 декември 2025 година

- Усвојување на Записникот од Сто триесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 декември 2025 година

1. Записник од Десеттата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со Системот за управување со кризи, одржана на 29 декември 2025 година, со Записник од Деветтата седница на Групата за процена, одржана на 29 декември 2025 година, со Предлог-одлука

2. Информација за донесување на методологија за спогодбено раскинување на договори за концесија за МХЕЦ

3. Предлог-одлука за продажба на движни ствари (медицинска и немедицинска опрема)

4. Информација за покренување на постапка за зголемување на основната главнина на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје со трансформација на заем во влог преку издавање на нови акции од четврта емисија по пат на приватна понуда, со Договор за трансформација и Предлог-одлука

5. Информација за постапување по Договорот за отуѓување на градежно земјиште со електронско јавно наддавање (Сончев град - Сопиште)

6. Предлог-одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Општина Босилово (објект во с.Моноспитово бр.388, на КП бр.1201/1, КО Моноспитово)

7. Предлог-одлука за определување на квота за дозволи за странци кои можат да бидат работно ангажирани на територијата на Република Северна Македонија за 2026 година

8. Информација во врска со билатералните договори за поттикнување и заемна заштита на инвестициите и потребата од формирање на меѓуинституционало тело за подготовка на билатералните договори и преговори со трети земји

9. Предлог-одлука за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште врз кое има бесправно изграден објект со непосредна спогодба

10. Информација во врска со концесија за експлоатација на минерална суровина – подземна вода на локалитетот „Топлички Рид“, Општина Виница на Центро-фрута ДООЕЛ Виница, со Предлог-одлука

11. Предлог-одлука за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – бентонитска глина на локалитетот „Ранковце“, Општина Ранковце

12. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија

13. Предлог на закон за ратификација на Дополнителниот протокол кон Конвенцијата за Договорот за меѓународен патен превоз на стоки (CMR) за електронски товарен лист

14. Предлог-решение за именување на претседател и членови на македонскиот дел на меѓувладината Мешовита комисија за спроведување на Спогодбата меѓу Република Македонија и Република Хрватска за заштита на правата на македонското малцинство во Република Хрватска и хрватското малцинство во Република Македонија

15. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за одбрана (објекти кои се наоѓаат на ул. „Јазик“, на КП бр. 1738, КО Ѓорче Петров 1-Ново Село)

16. Предлог-решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за спроведување на реформи во пензискиот систем

17. Информација за спроведување на Националната стратегија за еднаквост и недискриминација 2022-2026 година, со Акциски план 2025-2026

18. Информација за родова еднаквост 2025-2027 за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027, со Национален акциски план

19. Информација за потребата за обезбедување на финансиски средства со цел преземање активности за завршување на изградбата на објектите на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство и изградба на објект за потребите на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје

20. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на образованието и науката за 2025 година

21. Информација за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за социјална политика, демографија и млади, со Предлог-одлука

22. Предлог-одлука за спојување на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за кардиологија - Скопје со Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за државна кардиохирургија Скопје во Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за кардиологија и кардиоваскуларна хирургија - Скопје – „Национален центар за кардиоваскуларни заболувања“

23. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на опрема и реконструкција на простор за Центар за инфертилитет и асистирана репродукција во ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство за периодот 2026 –2027 година

24. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Босилово

25. Годишен извештај на ректорот за работата на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип за периодот 2024/2025 година

26. Извештај на ректорот за работата на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, за периодот 1 октомври 2024 година - 30 септември 2025 година

27. Извештај на ректорот за работата на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ - Охрид за периодот септември 2024 - септември 2025 година

28. Иницијатива од Хелсиншки комитет за човекови права - Скопје и 10 други организации што ја сочинуваат Мрежата за заштита од дискриминација, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.165/2025, за поведување постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување на Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.74/25)

29. Иницијатива поднесена од Хелсиншки комитет за човекови права - Скопје, Македонско здружение на млади правници - МЗМП Скопје, Здружение за поддршка на лицата што живеат со ХИВ - Заедно посилни - Скопје, Асоцијација за здравствена едукација и истражување ХЕРА Скопје, Коалиција за сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници МАРГИНИ - Скопје, Здружение на граѓани Институт за човекови права - Скопје, Европски центар за права на Ромите, со седиште во Брисел, Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - Скопје, Здружение ХОПС- Опции за здрав живот - Скопје, Здружение за правна едукација и транспарентност СТАНИЦА П.Е.Т - Прилеп и Национална мрежа против насилство на жените и семејно насилство ГЛАС ПРОТИВ НАСИЛСТВО - Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.164/2025, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/25) и членовите 1, 2, 3 и 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.74/25)

30. Иницијатива поднесена од Славко Димитров од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.166/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 157 став 8 од Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.37/96, 80/99, 48/01, 4/02, 16/02, 43/03, 19/04, 40/04, 81/05, 50/06, 60/06, 73/06, 87/07, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 143/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17, 170/17 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.36/23 и 188/23)

31. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.160/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 33 став 1 во делот „трошоците“ од Законот за царински мерки за спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.88/15, 154/15, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21)

32. Решение на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У.бр.209/2024 од 11 јуни 2025 година, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 42 став 4 од Законот за дивечот и ловството („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/23, 170/24 и 132/25)

33. Понуда од нотар Методија Ристоски од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.9225 за КО Ѓорче Петров 5 - Лепенец, на КП бр.3210/2, викано место/улица „Ѓорче Петров 5“

34. Понуда од нотар Божидар Вангелов од Гевгелија, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.344, за КО Стар Дојран, на КП бр.772/1, викано место/улица „Партизанска бр.41 А“

35. Информација со прогрес за начинот на спроведување на испитот за стекнување на лиценца за работа во детска градинка

36. Информацијa за извршени вонредни инспекциски надзори во предучилишни установи за деца и во установи за вонсемејна социјална заштита и даватели на социјални услуги кои даваат социјална услуга за привремен престој во период од 21 март 2025 година до 17 април 2025 година

37. Информација за степенот на реализација на средствата за капитални дотации за инфраструктурни проекти од областа на образованието и науката за 2024 година, заклучно со 30 ноември 2025 година

38. Конечни извештаи за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2024 година на Јавна здравствена установа Општа болница со проширена дејност - Прилеп, сметка за средства од Фондот (737) и сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531)

39. Конечни извештаи за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2024 година на Агенција за филм на Република Северна Македонија, сметка на основен буџет (603) и сметка на буџет од самофинансирачки активности (787)

40. Финален извештај за несреќа со параглајдер во околината на Прилеп на 5 јули 2025 година - ACCID 003/2025

41. Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за спроведување на дадени препораки од Конечниот извештај од Државниот завод за ревизија за извршена ревизија за успешност на тема „Зелена транзиција преку промовирање на обновливи извори на енергија“

42. Извештај за финансиското работење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, за период од 1 април 2025 година до 30 јуни 2025 година

43. Извештај за финансиското работење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје за период од 1 јули 2025 година до 30 септември 2025 година

44. Кадровски прашања

45. Прашања и предлози

46. Предлог-програма за научно-истражувачка дејност за 2026 година

47. Предлог-програма за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2026 година

48. Предлог-програма за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2026 година

49. Извештај за остварување на чекорот од Реформската агенда „Намалување на користењето на електронските аукции до најмногу 40% од бројот на објавените постапки“, со рок за реализација декември 2025 година

50. Предлог годишна програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2026 година

51. Барање за давање согласност на Годишната програма за финансирање на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железничкиот превоз на патници за 2026 година, со текст на Годишна програма

52. Известување за преземените активности во врска со Одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 25 декември 2025 година до 31 декември 2025 година

53. Известување за преземените активности во врска со Одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 1 јануари 2026 година до 7 јануари 2026 година

54. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата за период од 25 декември 2025 година до 31 декември 2025 година

55. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата за период од 1 јануари 2026 година до 7 јануари 2026 година

56. Статутарна одлука за изменување на Статутот на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје, со Предлог-одлука

57. Предлог-одлука за испраќање на тим од Министерството за одбрана за укажување на помош на Република Србија

58. Предлог-одлука за утврдување на вршење на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железничкиот превоз на патници

59. Предлог-програма за промоција и поддршка на туризмот за 2026 година

60. Информација за спроведување на Акцискиот план со краткорочни мерки за чист воздух за декември 2025 година

61. Извештај за завршени преговори за склучување на Договор за соработка во одбраната помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Државата Катар, со усогласен текст на Договор

62. Финансиски план на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2026 година и Одлука за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2026 година, со Предлог-одлука

63. Информација за реализирани активности во рамки на националната постапка за номинирање на три кандидати од Република Северна Македонија за судија во Европскиот суд за човекови права од страна на Комисијата за избор на кандидати на Република Северна Македонија за судија во Европскиот суд за човекови права

64. Информација за потпишување на Предлог-одлука бр.1/2026 на Советот за партнерство, трговија и соработка меѓу Северна Македонија и Обединетото Кралство за изменување на Протокол 4 во врска со дефиницијата на концептот „производи со потекло“ и методите на административна соработка на Спогодбата за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, со усогласен текст на Одлука

65. Информација за Програмата на економски реформи 2026-2028 година, со текст на Програма

66. Информација од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори, за постапување по заклучок на Владата на Република Северна Македонија за избор на меѓународна адвокатска куќа за изготвување на правно мислење за постоење на факти и околности за поведување на арбитражна постапка во врска со склучени договори за доделување на државна помош

67. Информација за иницијативата на Министерството за здравство за аплицирање за грант од Фондот за пандемии, со прилог Апликација за грант

68. Предлог-решение за назначување на национален ИПА координатор (НИПАК) за управување со претпристапните фондови ИПА, ИПА II и ИПА III од Европската Унија за Република Северна Македонија

69. Предлог-одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2026 година

70. Предлог на закон за јавното обвинителство

*
*    *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Сто триесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 декември 2025 година и Записникот од Сто триесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 декември 2025 година.

*
*    *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>Точка 1</u>

Владата го разгледа Записникот од Десеттата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со Системот за управување со кризи, одржана на 29 декември 2025 година, со Записник од Деветтата седница на Групата за процена, одржана на 29 декември 2025 година, со Предлог-одлука и притоа заклучи:

1. Го усвои Записникот од Десеттата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со Системот за управување со кризи, одржана на 29 декември 2025 година.

2. Го разгледа Предлогот на одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, го утврди и заклучи да го достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог да го разгледа.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана и д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, а за повереник Стојанче Ангелов, директор на Дирекцијата за заштита и спасување и раководител на Групата за процена.

3. Периодот на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општина Гази Баба на кое КПД КПУ Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата е до 30 јуни 2026 година.

4. За операционализација на Предлогот на одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, а врз основа на дадениот предлог на Управувачкиот комитет за координација и управување со Системот за управување со кризи, Владата заклучи да му предложи на Претседателот на Република Северна Македонија да одлучи за учество на дел од припадниците на Армијата на Република Северна Македонија (вид и број на сили и капацитети на армиските единици, намена и задачи за кои се бараат и времетраењето на активноста и ангажираноста на армиските единици), како поддршка на полицијата во справувањето со кризната состојба.

5. Се задолжува Главниот штаб за управување со кризи при Центарот за управување со кризи да ги следи состојбите, да координира со активностите и редовно да ја информира Владата.

6. Се задолжуваат институциите во Системот за управување со кризи да продолжат со активностите согласно Акцискиот план донесен од Главниот штаб за управување со кризи, кој се однесува на превенција и справување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на подрачјето на Општина Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност.

<u>Точка 2</u>

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за донесување на методологија за спогодбено раскинување на договори за концесија за МХЕЦ, за наредната седница на Владата, поради потребата истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и Министерството за животна средина и просторно планирање.

<u>Точка 3</u>

Владата ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари  (медицинска и немедицинска опрема).

<u>Точка 4</u>

Владата ја разгледа Информацијата за покренување на постапка за зголемување на основната главнина на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје со трансформација на заем во влог преку издавање на нови акции од четврта емисија по пат на приватна понуда, со Договор за трансформација и Предлог - одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за зголемување на основната главнина на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, со трансформација на заем во влог преку издавање на нови акции од четврта емисија по пат на приватна понуда.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во име на единствениот акционер на Друштвото Владата на Република Северна Македонија, во рок од пет дена да склучи Договор за трансформација на заем во влог во Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје во постапка на зголемување на основната главнина на Друштвото.

Точка 5

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за постапување по Договорот за отуѓување на градежно земјиште со електронско јавно наддавање (Сончев град - Сопиште) и препорачува на Општина Сопиште да одржи координативен состанок, со претставници од Министерството за транспорт, Државното правобранителство на Република Северна Македонија, Јавното претпријатие за државни патишта и ЕВН Македонија, на кој ќе се утврдат обврските на институциите, по однос на договорот и дали истите се исполнети, со цел изнаоѓање на соодветно решение во понатамошното постапување по Договорот за отуѓување на градежно земјиште и согласно добиените сознанија до Владата да достави предлог за надминување на ова прашање.

Точка 6

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Општина Босилово (објект во с.Моноспитово бр.388, на КП бр.1201/1, КО Моноспитово).

Точка 7

Владата ја донесе Одлуката за определување на квота за дозволи за странци кои можат да бидат работно ангажирани на територијата на Република Северна Македонија за 2026 година.

Точка 8

Владата ја разгледа Информацијата во врска со билатералните договори за поттикнување и заемна заштита на инвестициите и потребата од формирање на меѓуинституционало тело за подготовка на билатералните договори и преговори со трети земји и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за правда, Министерството за економија и труд, Министерството за финансии и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во рок од три дена, до Министерството за финансии да достават номинација за член и заменик-член во

меѓуинституционалното тело за подготовка на договорите за поттикнување и заемна заштита на инвестициите и за преговарање со трети земји.

2. Се задолжува Министерството за финансии, во рок од три дена, да номинира и главен преговарач, кој ќе ги води преговорите и ќе ја координира работата на меѓуинституционалното тело за подготовка на договорите за поттикнување и заемна заштита на инвестициите и за преговарање со трети земји.

3. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за правда, Министерството за економија и труд и Министерството за финансии, во рок од 15 дена, заедно да предложат професор од областа на меѓународното право за член на меѓуинституционалното тело за подготовка на договорите за поттикнување и заемна заштита на инвестициите и за преговарање со трети земји.

4. Се задолжува Министерството за финансии, во рок од три дена од добивањето на номинациите, до Владата да достави предлог-решение за формирање на меѓуинституционалното тело за подготовка на договорите за поттикнување и заемна заштита на инвестициите и за преговарање со трети земји.

Точка 9

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште врз кое има бесправно изграден објект со непосредна спогодба.

Точка 10

Владата на предлог на предлагачот ја симна од Дневен ред Информацијата во врска со концесијата за експлоатација на минерална суровина – подземна вода на локалитетот „Топлички Рид“, Општина Виница на Центро-фрута ДООЕЛ Виница, со Предлог-одлука.

Точка 11

Владата ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – бентонитска глина на локалитетот „Ранковце“, Општина Ранковце.

Точка 12

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија.

Точка 13

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Дополнителниот протокол кон Конвенцијата за Договорот за меѓународен патен превоз на стоки (CMR) за електронски товарен лист, го утврди и заклучи согласно член 208 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и

надворешна трговија и д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереници д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт и Наташа Дескоска помошник - директор во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија.

Точка 14

Владата го донесе Решението за именување на претседател и членови на македонскиот дел на меѓувладината Мешовита комисија за спроведување на Спогодбата меѓу Република Македонија и Република Хрватска за заштита на правата на македонското малцинство во Република Хрватска и хрватското малцинство во Република Македонија.

Точка 15

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за одбрана (објекти кои се наоѓаат на ул. „Јазик“, на КП бр. 1738, КО Ѓорче Петров 1-Ново Село).

Точка 16

Владата го донесе Решението за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за спроведување на реформи во пензискиот систем.

Точка 17

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на Националната стратегија за еднаквост и недискриминација 2022-2026 година, со Акциски план 2025-2026, ја усвои Информацијата и го прифати Акцискиот план 2025-2026 за спроведување на Националната стратегија за еднаквост и недискриминација 2022-2026 година.

Точка 18

Владата ја разгледа Информацијата за родова еднаквост 2025-2027 за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027, со Национален акциски план, ја усвои Информацијата и го прифати Националниот акциски план за родова еднаквост 2025-2027.

Точка 19

Владата ја разгледа Информацијата за потребата за обезбедување на финансиски средства со цел преземање активности за завршување на изградбата на објектите на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство и изградба на објект за потребите на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии, во соработка со Министерството за образование и наука да подготви и достави барање до Банката за развој при Советот на Европа - ЦЕБ за обезбедување на заем за финансирање на активностите за завршување на изградбата на објектите на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство и изградба на објект за потребите на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, чија инвестициска вредност е 31 милиони евра (без ДДВ), како и да побара од ЦЕБ да ја разгледа можноста за обезбедување на грант/техничка помош и инвестициски грант за кофинансирање на овој проект.

Точка 20

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на образованието и науката за 2025 година и условно ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на образованието и науката за 2025 година, доколку предлагачот достави ново образложение кон Одлуката, усогласено со Секретаријатот за законодавство.

Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за социјална политика, демографија и млади, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на  Министерство за социјална политика, демографија и млади.

Точка 22

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за спојување на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за кардиологија - Скопје со Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за државна кардиохирургија - Скопје во Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за кардиологија и кардиоваскуларна хирургија - Скопје – „Национален центар за кардиоваскуларни заболувања“.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на дневен ред на седница на Владата.

Точка 23

Владата ја разгледа новата Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на опрема и реконструкција на простор за Центар за инфертилитет и асистирана репродукција во ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство за периодот 2026 –2027 година и согласно расправата на седницата ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства за 2026 буџетска година и 2027 буџетска година на Министерството за здравство за набавка на опрема во вкупна вредност од 20.000.000,00 денари, без вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:
Средства од Буџет на Република Северна Македонија, сметка 637, програма 1А:
- 1.500.000,00 денари за 2026 година, без вклучен ДДВ и
- 18.500.000,00 денари  за 2027 година, без вклучен ДДВ.

2. Се задолжува Министерството за здравство потребните средства да ги прикаже во буџетскиот циркулар за соодветната фискална година, а Министерството за финансии да ги има во предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

3. Се задолжува Министерството за здравство за текот и прогресот на активностите во врска со ова прашање да ја информира Владата на секои девет месеци, се до конечна реализација на набавката.

Точка 24

Владата, ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Босилово, за втората наредна седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања со Министерството за одбрана и Секретаријатот за законодавство.

Точка 25

Владата го разгледа Годишниот извештај на ректорот за работата на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип за периодот 2024/2025 година и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 99 став (1) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.82/18, 76/20, 178/21, 58/24 и 124/25), ректорот е должен еднаш во годината до Сенатот, Универзитетскиот совет и основачот, да поднесува извештај за својата работа и за работата на Универзитетот, во кој е содржан и финансиски извештај.

Доставениот извештај е во функција на исполнување на горенаведената законска обврска и истиот е изготвен согласно Правилникот за содржината и формата на Извештајот за работата на рекоторот бр. 1410-53 од 12.11.2021 година.

Воедно, Владата на Република Северна Македонија во врска со Годишниот завршен финансиски извештај за периодот 2024/2025 година, за финансиското работење на Универзитетот и единиците во неговиот состав, смета дека е потребно финансискиот извештај да се дополни со подетални податоци за реализацијата на одобрените средства по сметки, расходни категории и ставки, при што да се има предвид и завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/25).

Точка 26

Владата го разгледа Извештајот на ректорот за работата на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, за периодот 1 октомври 2024 година - 30 септември 2025 година и притоа го утврди следново мислење:

Извештајот на ректорот за работата на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, за периодот 1 октомври 2024 година - 30 септември 2025 година е изготвен согласно Правилникот за содржината и формата на Извештајот за работата на ректорот бр. 1410-53 од 12.11.2021 година.

Воедно, во Годишниот завршен финансиски извештај за периодот 2024/2025 година, за финансиското работење на Универзитетот и единиците во неговиот состав, потребно е да се изврши дополнување на доставениот материјал со образложение за појавените разлики на презентираните финансиски показатели, кои не се усогласени со Завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/25).

Точка 27

Владата го разгледа Извештајот на ректорот за работата на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" - Охрид за периодот септември 2024 - септември 2025 година и притоа го утврди следново мислење:

Извештајот ги содржи сите задолжителни елементи предвидени со Правилникот за содржината и формата на Извештајот за работата на ректорот, број 1410-53 од 12.11.2021 година.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по однос на Извештајот на ректорот за работата на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ - Охрид за периодот септември 2024 - септември 2025 година.

Точка 28

Владата ја разгледа Иницијативата од Хелсиншки комитет за човекови права - Скопје и 10 други организации што ја сочинуваат Мрежата за заштита од дискриминација, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.165/2025, за поведување постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување на Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.74/25) и притоа го утврди следното мислење:

По однос на наодите во поднесената Иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување на Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.74/25), со кој зборовите „Закон за спречување и заштита од дискриминација“ се заменуваат со зборовите „Уставот на Република Северна Македонија“, со кој се повредуваат член 8 ставови 1, 3 и 11, член 9, член 25 и член 118 од Уставот на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија ве известува за следното:

Законската одредба пропишана во член 23 од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/25 и 74/25) која гласи: „Учебникот не смее да содржи рекламни пораки, огласи или содржини кои промовираат дискриминација по која било основа за дискриминација предвидена во Уставот на Република Северна Македонија“ е уставна во целост од причина што истата се повикува на Уставот на Република Северна Македонија како највисок правен акт на нашата држава и претставува правен акт кој ги воспоставува основните правила и принципи за функционирање на самата држава. Конфузни се барањата на подносителите на оваа иницијатива во која се тврди дека е противуставно повикувањето на уставот и воедно највисокиот правен акт го спорат како ограничувачки т.е. исклучувачки механизам на сите останати закони, меѓународни договори и интернационално прифатени добри практики. Впрочем самиот термин „устав“ во документот е споменат 55 пати при што дел од одредбите во овој документ се сметаат за противуставни, а како доказ се наведени одредби од самиот устав.

Во Иницијативата е наведено дека Република Северна Македонија има донесено и потпишано повеќе закони и меѓународни договори во делот на спречување на дискриминација, што според нив е ограничено со Уставот, што е тотално нелогично барање бидејќи истите бараат највисокиот правен акт да биде заменет со само еден закон, игнорирајќи ги меѓународните документи и наведени практики кои се користат во самата Иницијатива.

Во оваа насока се смета дека Уставот на Република Северна Македонија, како највисок правен акт во државата треба да се задржи како основ во членот 23 кој ја определува дискриминацијата, со цел симплифицирање на овој член од Законот кој се однесува на постапки за подготовка, избор, одобрување, издавање и повлекува од употреба на основното наставно средство – учебникот за потребите на учениците во основните и средните училишта.

Тргнувајќи од тоа, се смета дека со членот 1 од Законот за изменување на Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.74/25), не се повредуваат темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија утврдени со членовите 8 ставови 1, 3 и 11, член 9, член 25 и член 118 од Уставот на

Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати предметната Иницијатива поднесена од Хелсиншки комитет за човекови права- Скопје, Македонско здружение на млади правници - МЗМП Скопје, Здружение за поддршка на лицата што живеат со ХИВ- Заедно посилни - Скопје, Асоцијација за здравствена едукација и истражување ХЕРА - Скопје, Коалиција за сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници МАРГИНИ - Скопје, Здружение на граѓани Институт за човекови права - Скопје, Европски центар за права на Ромите со седиште во Брисел, Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - Скопје, Здружение ХОПС- Опции за здрав живот - Скопје, Здружение за правна едукација и транспарентност СТАНИЦА П.Е.Т Прилеп, Национална мрежа против насилство на жените и семејно насилство ГЛАС ПРОТИВ НАСИЛСТВО - Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.165/2025 од 2.12.2025 година.

Точка 29

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Хелсиншки комитет за човекови права - Скопје, Македонско здружение на млади правници - МЗМП - Скопје, Здружение за поддршка на лицата што живеат со ХИВ - Заедно посилни - Скопје, Асоцијација за здравствена едукација и истражување ХЕРА - Скопје, Коалиција за сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници МАРГИНИ - Скопје, Здружение на граѓани Институт за човекови права - Скопје, Европски центар за права на Ромите, со седиште во Брисел, Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - Скопје, Здружение ХОПС - Опции за здрав живот - Скопје, Здружение за правна едукација и транспарентност СТАНИЦА П.Е.Т -Прилеп и Национална мрежа против насилство на жените и семејно насилство ГЛАС ПРОТИВ НАСИЛСТВО - Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.164/2025, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/25) и членовите 1, 2, 3 и 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.74/25) и притоа го утврди следното мислење:

Членот 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25) го уредува членот 4 од Законот за основното образование, каде се пропишуваат начелата на основното образование;
- најдобар интерес и целосен развој на ученикот,
- еднаквост, достапност, пристапност и инклузивност,
- општообразовен карактер на основното образование,
- обезбедување на квалитет на образованието и меѓународна споредливост на знаењата на учениците,
- активно учество на учениците во животот на училиштето и заедницата,
- подготвување на ученикот за доживотно учење,
- унапредување на сличностите и прифаќање на различностите, интеркултурност, мултикултурализам, интеркултурализам и мултикултурност,
- грижа за физичка безбедност, менталното и физичкото здравје, како и добросостојбата,
- автономност, компетентност и одговорност и
- партнерство помеѓу училиштето, родителите, односно старателите и единиците на локалната самоуправа.

Воедно, во членот 7 во став (1), алинеи 1, 2, 4, 5, 9 и 14 од Законот за основното образование, се пропишани целите на основното образование и тоа:
- обезбедување целосен опфат во воспитно-образовниот процес и одговарање на разновидните потреби на сите ученици, преку обезбедување суштинско учество на сите ученици во него,

- обезбедување системски пристап за поттикнување на когнитивниот, социо-емоционалниот и психомоторниот развој на ученикот, согласно со неговите развојни карактеристики, потенцијали и афинитети,
- развивање самодоверба и свест кај ученикот за сопствената индивидуалност и одговорност за своите постапки,
- воспитување за почитување на различностите, соработка, почитување на различноста, основните човекови слободи и права,
- подготвување на ученикот за одговорен живот во слободно, граѓанско и демократско општество,
- унапредување на здравиот начин на живеење и воспитување за преземање одговорност за сопственото здравје и за заштита на животната средина.

Оспорениот член 5 од Законот ја уредува забраната од дискриминација и промоција на еднаквоста во целосна согласност со темелните вредности од уставниот поредок на Република Северна Македонија и со истиот не се повредуваат основните права, правата на човекот и граѓанинот, владеењето на правото, хуманизмот и социјалната правда утврдени во членовите 8, 9, 16, 25, 39 и 44 од Уставот на Република Северна Македонија. Истиот член во ставот (1) уредува дека во основното воспитание и образование се забранува секаква директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување по основ на пол, раса, боја на кожа, национално или етничко потекло, попреченост, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, други видови уверувања, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба и општествен статус или која било друга основа која е предвидена со закон или со меѓународен договор ратификуван согласно со Уставот на Република Северна Македонија во остварување на правата од основното образование.

Понатаму, ставовите (4) и (6) од истиот член уредуваат дека вработените во основните училишта се должни да промовираат еднаквост и правичност помеѓу сите ученици и активно да се спротивставуваат на сите облици на дискриминација и насилство.

Заштитата од дискриминација се обезбедува согласно со прописите од областа на спречување и заштита од дискриминација.

Членот 48 став (4) од истиот закон го обврзува училиштето да се грижи за здравјето на учениците преку обезбедување информации базирани на научни и медицински сознанија, промовирање на почитување на различностите, човековите права и еднаквоста меѓу половите, во соработка со родителите и училишниот совет.

Воедно, се напоменува дека во рамки на слободните изборните предмети за шесто и седмо одделение понудена е и објавена е-наставна програма по предметот „Слика за своето тело“.

(https://bro.gov.mk/wp-content/uploads/2024/09/Slika-za-svoeto-telo-6-7- odd.pdf)

Наставната програма вклучува релевантни компетенции со кои учениците треба да се стекнат во согласност со подрачјата од Националните стандарди за оценување и тоа:
- да разликува здрав од ризичен животен стил кога се работи за сите сфери на живеењето (вклучително навики од исхраната, спортски и рекреативни активности и сексуално однесување);
- не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација, итн.);
- сите луѓе вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси;

- човековите права се универзални, а границите на правата на секој човек се правата и слободите на другиот;
- неселективното почитување на човековите права и слободи е клучно за добросостојбата на поединците и општеството во целина;
- еднаквоста, рамноправноста и социјалната кохезија се неопходни за успешно функционирање на заедницата.

По однос на оспорениот член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование, кој се однесува на членот 5 став (8) од Законот за основното образование каде се оспорува употребата на терминологијата „физичко одделување" наместо „сегрегација" во смисла на ефективно санкционирање на фактичката сегрегација во образованието, се укажува дека употребата на зборовите „физичко одделување" се во контекст на остварување на правото на квалитетно образование за сите и еднаков пристап до образованието и се во насока на надминување на предизвиците со одделувањето на учениците по етничка припадност и истиот термин се користи за да се појасни постапката за упис на учениците во основно образование.

Членот 5 ставот (8) забранува дискриминација и физичко одделување на учениците врз дискриминаторска основа при запишување и формирање на паралелки во основните училишта без легитимна или објективна оправдана цел, согласно со Уставот на Република Северна Македонија.

Додека во делот Реонизација на училиштата, односно согласно член 63 став (4) основачот го утврдува реонот на основните училишта, од кој се запишуваат учениците во основните училишта.

Основачот е должен утврдувањето на реонот на основните училишта, да го прави на начин со кој се спречува и надминува физичко одделување на учениците по етничка припадност, освен во општините во кои доминантно население се припадници на една етничка заедница.

И во овој контекст Законот за основното образование упатува на Уставот на Република Северна Македонија при што не се повредуваат темелните вредности од уставниот поредок: основните права и права на човекот и граѓанинот, владеењето на правото, хуманизмот и социјалната правда.

Воедно, со Одлука на Уставниот суд на Република Северна Македонија У.бр.258/2024 од 22.10.2025 година, Уставниот суд го одбива барањето на Неџиповски и други во Прилеп, кои се однесуваат на забрана на дискриминација на граѓаните по основ на раса и национална припадност.

Уставниот суд ценејќи ги одредбите од Законот за основното образование пресудува дека не постои дискриминација, односно сегрегација при формирањето на паралелките од страна на училишната администрација во ООУ „Добре Јовановски"-Прилеп, бидејќи училишната администрација при формирањето на паралелките настојувала да го балансира бројот на ученици од ромската и македонската етничка заедница.

Имено, за да постои дискриминација, а со тоа и сегрегација, потребно е одредено лице или група на лица да бидат изложени на нееднаков, различен и понеповолен третман или положба во споредба со други лица кои се наоѓаат во иста ситуација, односно неоправдано правно или фактичко, непосредно и посредно правење разлика или нееднакво постапување, односно пропуштање (исклучување, ограничување или давање првенство) по однос на лица или групи лица кое се заснова на дискриминаторската основа. Од анализата на утврдената фактичка состојба произлегува дека подносителите на барањето се наоѓаат во идентична фактичка и

правна положба по однос на учениците од македонската етничка заедница, со што се потврдува дека оспорениот термин од Законот во целост е во функција на обезбедување на рамноправен и правичен однос кон сите заедници и недозволување сегрегација во образованието.

По однос на бришењето на обврските за обезбедување на информации и едукација за сексуалното и репродуктивното здравје и родовата еднаквост во училиштата, начелата и целите на основното образование водат сметка за грижа за физичка безбедност, менталното и физичкото здравје, како и добросостојбата на учениците, како и имаат за цел да ја развиваат самодовербата и свеста кај ученикот за сопствената индивидуалност и одговорност за своите постапки, воспитуваат за почитување на различностите, соработка, почитување на различноста, основните човекови слободи и права, го подготвуваат ученикот за одговорен живот во слободно, граѓанско и демократско општество и имаат за цел унапредување на здравиот начин на живеење и воспитување за преземање одговорност за сопственото здравје и за заштита на животната средина.

Во овој контекст, се укажува дека Министерството за образование и наука, понуди слободен изборен предмет во шесто и седмо одделение Слика за своето тело, каде со навистина богата палета на примери и работилници низ часовите учениците се стекнуваат со знаења и компетенции за своето сексуално и репродуктивно здравје, но и едукација за родовата еднаквост.

Имајќи го предвид горенаведеното, се смета дека со членот 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/25) и членовите 1, 2, 3 и 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.74/25), не се повредуваат темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија утврдени со членовите 8, 9, 25, 39, 44 и 16 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати предметната Иницијатива, поднесена од Хелсиншки комитет за човекови права - Скопје, Македонско здружение на млади правници - МЗМП - Скопје, Здружение за поддршка на лицата што живеат со ХИВ - Заедно посилни - Скопје, Асоцијација за здравствена едукација и истражување ХЕРА - Скопје, Коалиција за сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници МАРГИНИ -Скопје, Здружение на граѓани Институт за човекови права - Скопје, Европски центар за права на Ромите, со седиште во Брисел, Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - Скопје, Здружение ХОПС - Опции за здрав живот - Скопје, Здружение за правна едукација и транспарентност СТАНИЦА П.Е.Т - Прилеп и Национална мрежа против насилство на жените и семејно насилство ГЛАС ПРОТИВ НАСИЛСТВО - Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.164/2025, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/25) и членовите 1, 2, 3 и 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.74/25).

<u>Точка 30</u>

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Славко Димитров од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, У.бр.166/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 157 став 8 од Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.37/96, 80/99, 48/01, 4/02, 16/02, 43/03, 19/04, 40/04, 81/05, 50/06, 60/06, 73/06, 87/07, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 143/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17, 170/17 и

248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.36/23 и 188/23) и притоа го утврди следното мислење:

Во наведената Иницијатива подносителот наведува дека „Оваа законска одредба е во спротивност со Уставот на Република Северна Македонија, затоа што со неа се нарушува личниот карактер на моралните авторски права и се ограничува правото на автономија и достоинство на авторот, гарантирани со Уставот". Понатаму, подносителот на Иницијативата истакнува и дека Уставот ја гарантира слободата на уметничкото творештво и заштитата на авторот. Со тоа што законодавецот предвидел „гонење по предлог", а не „по приватна тужба", државата презема улога во постапка која е строго лична, без јавен интерес. Ова создава несразмерна интервенција во член 25 од Уставот, кој гарантира неприкосновеност на достоинството и личниот интегритет. Врз основа на изнесеното, подносителот на Иницијативата предлага Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе: одлука за поништување на член 157 став (8) од Кривичниот законик, во делот „по предлог", затоа што е спротивен на членовите 8, 25 и 47 од Уставот на Република Северна Македонија.

Со членот 47 од Уставот на Република Северна Македонија „Се гарантира слободата на научното, уметничкото и на другите видови творештво. Се гарантираат правата што произлегуваат од научното, уметничкото или друг вид интелектуално творештво. Републиката го поттикнува, помага и штити развојот на науката, уметноста и културата."

Во членот 157 од Кривичниот законик е уредено дека:

„Член 157
Повреда на авторско право и сродни права

(1) Тој што во свое име или во име на друг неовластено ќе објави, прикаже, репродуцира, дистрибуира, изведе, емитува или на друг начин неовластено ќе посегне по туѓо авторско право или сродно право, односно авторско дело, изведба или предмет на сродно право, ќе се казни со парична казна или со затвор од шест месеци до три години.

(2) Тој што делото од став (1) го стори преку компјутерски систем, ќе се казни со затвор од шест месеци до три години.

(3) Тој што со делото од став (1) прибавил поголема имотна корист, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(4) Тој што со делото од став (1) прибавил значителна имотна корист, ќе се казни со затвор од една до пет години.

(5) Обидот е казнив.

(6) Примероците на авторските дела и предметите на сродните права, како и средствата за репродуцирање, се одземаат.

(7) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

(8) Гонењето за повреда на морално право се презема по предлог.".

Изнесените наводи во Иницијативата, се смета дека се неосновани од причина што наведената одредба би требало да се опсервира и низ призмата на одредбите од Законот за кривичната постапка. Исто така, оспорената одредба не може да претставува предмет на оцена на Уставниот

суд на Република Северна Македонија, со оглед дека во конкретниот случај не се работи за усогласеноста на одредбата со Уставот на Република Северна Македонија, туку за нејзината целисходност.

За определени кривични дела, меѓу кои е и оспорената одредба, постапката се поведува на иницијатива на оштетеното лице. Таа иницијатива има статус на предлог за гонење што се поднесува до јавниот обвинител (член 58 од Законот за кривичната постапка) во истиот рок, како и приватната тужба. Законот за кривичната постапка не пропишува задолжителни елементи што треба да ги има предлогот за гонење. Ако самиот оштетен поднесе кривична пријава или стави предлог за остварување на имотно-правно барање во кривичната постапка, ќе се смета дека со тоа ставил предлог за гонење (член 58 од Законот за кривичната постапка). Овластен тужител за овие кривични дела е јавниот обвинител, но неговото кривично гонење е апсолутно условено со волјата на лицето овластено да поднесе предлог. Јавниот обвинител ниту смее да го игнорира предлогот од оштетениот, ниту смее да продолжи со гонење, ако оштетениот го повлекол предлогот. Имено, доколку судот во текот на постапката утврди дека нема предлог или е повлечен, е должен, поради постоење на т.н. процесни пречки, да ја запре постапката, односно да донесе пресуда со која се одбива обвинението (член 402 став 1 точка 3 од Законот за кривичната постапка). Ако не постапи на овој начин, судот прави суштествена повреда на одредбите на кривичната постапка од член 415 став 1 точка 5 од Законот за кривичната постапка. Исто така, оштетениот може со своја изјава до судот пред кој се води постапката да се откаже од предлогот, со што го губи правото повторно да поднесе предлог за гонење (член 62 став 1 од Законот за кривичната постапка).

Имајќи го предвид горенаведеното, се укажува дека член 157 став 8 од Кривичниот законик е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 157 став 8 од Кривичниот законик.

<u>Точка 31</u>

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.160/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 33 став 1 во делот „трошоците“ од Законот за црински мерки за спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.88/15, 154/15, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21) и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 33 став (1) од Законот за царински мерки за спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост, носителот на правото ги надоместува трошоците настанати од царинските органи од моментот на задржувањето или одложување на пуштањето на стоките, вклучувајќи складирање на стоките и активности поврзани со нив, согласно член 19 став (1), член 20 став (1) и член 22 став (2) и став (3) од овој закон, како и трошоци за уништување на стоките во согласност со членовите 26 и 29 од овој закон.

Подносителот на Иницијативата наведува дека во ситуација кога со Законот не се пропишуваат параметри врз основа на кои ќе се пресметуваат трошоци за привремено задржаната стока или одложувањето на пуштањето на стоките во слободен промет, како и трошоците за складирањето на стоките и активностите поврзани со тоа, се остава на слободно пресметување на истите, а со тоа и можност да арбитрерно се пропишуваат вредностите, односно висината на таквите трошоци, што било спротивно на начелото на владеење на правото.

Поради наведеното, подносителот предлага Уставниот суд да поведе постапка за оценување на уставноста на оспорениот дел од одредбата од аспект на владеење на правото и истиот да го укине како спротивен на Уставот.

Имајќи ги предвид наводите во Иницијативата, се известува за следното:

Една од главните цели на Законот за царински мерки за спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост е воведување на зајакнати мерки на царинска контрола за откривање и спречување на увоз, транзит и извоз на стоки кои го повредуваат правото од интелектуална сопственост.

Фалсификуваните производи преставуваат огромен ризик за здравјето на луѓето, додека светската економија бележи огромни загуби поради дејствија поврзани со производството и пуштањето во оптек на фалсификуваните производи.

Заштитата на правата се спроведува врз основа на прифатено барање за преземање на царински дејствија. Подносител на барање за преземање на царински дејствија може да биде носител на право, лица овластени да ги користат правата на интелектуална сопственост од носителот на право или група на производители за географски ознаки.

Доколку царинскиот орган идентификува стока за која постои сомневање за повреда на правата од интелектуална сопственост опфатена со прифатено барање за преземање царински дејствија, го одложува пуштањето на стоката или ја задржува истата.

Доколку царинскиот орган идентификува стока за која постои сомневање дека повредува право на интелектуална сопственост, која не е опфатена со прифатено барање за преземање царински дејствија, може освен во случај на расиплива стока, да го одложи пуштањето на стоката или истата да ја задржи. Во овој случај лицето кое има право да поднесе барање истото треба да го поднесе во рок од четири работни дена. Во случај да никој не поднесе барање, тогаш за стоката продолжува натамошната царинска постапка.

Законот за царински мерки за спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост е во голема мера усогласен со законодавството на Европската Унија.

Конкретно, оспорената одредба е целосно усогласена со членот 29 од Регулативата (ЕУ) бр.608/2013 од 12 јуни 2013 година.

Дополнително, во врска со трошоците за складирање на привремено задржаната стока по основа на повреда на правата од интелектуална сопственост, се известува дека складовите имаат статус на јавен царински склад и истите не се во надлежност на царинскиот орган, ниту пак трошоците можат да бидат одредени од страна на царинскиот орган.

Се напоменува дека царинскиот орган постапува по барање на носителот на правото или неговиот правен застапник и истиот при поднесување на барањето се согласува да ја презема одговорноста според условите утврдени согласно член 33 од Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост.

Наведеното, дотолку повеќе што согласно членот 33 став 3, носителот на правото може да побара надомест од сторителите на повреди или од друго лице во согласност со закон.

Имајќи го предвид горенаведеното, се укажува дека не постои неусогласеност на одредбата од член 33 став (1) во делот „трошоците“ од Законот за царински мерки за спроведување на заштита

на правата од интелектуална сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.88/15, 154/15, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/21) со начелото на владеење на правото, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија во согласност со член 73 од Актот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.115/24) да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на наведениот член од Законот.

Точка 32

Владата го разгледа Решението на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У.бр.209/2024 од 11 јуни 2025 година, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 42 став 4 од Законот за дивечот и ловството (*)(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/23, 170/24 и 132/25) и притоа го утврди следното мислење:

Со донесеното Решение на Уставниот суд, се поведува постапка за оценување на уставноста на член 42 став 4 од Законот за дивечот и ловството (*)(„Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 263/23, 170/24 и 132/25), а не се поведува постапка за оценување на уставноста на член 40 став 5 од истоимениот закон.

Во Иницијативата за оценување на уставноста и законитоста на член 42 став 4 од Законот за дивечот и ловството (*)(„Службен весник на Република Северна Македонија" бр.263/23, 170/24 и 132/25), поднесена од адвокатот Владимир Михајловски од Куманово до Уставниот суд на Република Северна Македонија, истиот наведува дека: Во член 42 став 4 е определено дека во случај на поништување на решението за избор на најповолен понудувач во постапка по управен спор, склучениот договор за користење на дивечот во ловиштата останува во сила, а странката која успеала во спорот има право на надоместок на претрпената штета за учество во постапката по јавниот повик и постапката пред Управниот суд.

Одредбата од член 42 став 4 од Законот за дивечот и ловството отвора прашања за нејзината усогласеност со основните уставни начела и принципите на управното право, особено во однос на ефектите од поништувањето на управните акти. Судот утврди дека одредбата од член 42 став 4 од Законот за ловство, кој предвидува дека „во случај на поништување на решението за избор на најповолен понудувач во постапка по управен спор, склучениот договор за користење на дивечот во ловиштата останува во сила", според која договорот останува во сила и по поништувањето на решението за избор на најповолен понудувач е уставно-проблематична, бидејќи не го почитува начелото дека поништувањето на управен акт треба да предизвика целосни правни последици, вклучително и поништување на договорот, склучен врз негова основа. Ваквата правна ситуација предизвикува правна несигурност и може да доведе до судир со начелото на владеење на правото, правото на ефективна правна заштита и начелото на еднаквост пред законот.

Судот цени дека одредбата според која договорот за користење на дивечот останува во сила и покрај поништувањето на управниот акт создава правна несигурност, што може да ја поткопа правната стабилност и законитоста. Поништувањето на управниот акт треба да има ретроактивно дејство (ex tunc), што значи дека сите акти што се засноваат на поништениот акт треба да бидат, исто така, поништени или оспорени. Оваа ситуација е особено проблематична за управните договори, кои се зависни од управните акти, а нивната легитимност треба да се проверува во согласност со начелото на владеење на правото.

Како што веќе е наведено, договорот за користење на дивечот во ловиштата има карактер на управен договор, бидејќи се заснова на претходно управно решение (избор на најповолен

понудувач), го склучува државен орган (Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство), негов предмет е управување со јавен ресурс (дивечот во ловиштата), а корисникот на дивечот стекнува права и обврски што произлегуваат од акт на јавна власт, а не од слободна волја на страните.

Во управното право, управните договори се аксесорни (зависни) од управните акти што ги овозможуваат. Во споредба со правните системи на земјите од европско-континенталната правна традиција, ако основниот управен акт биде поништен, договорите што произлегуваат од него обично се сметаат за неважечки или оспорливи.

Дополнително во пракса, доколку договорот се задржи во сила и покрај тоа што основниот управен акт е поништен, тоа би значело дека незаконит управен акт продолжува да произведува правни последици, што е спротивно на уставното и управното начело на законитост.

Според оценката на Судот, одредбата е во спротивност со неколку темелни уставни начела и тоа:
- владеењето на правото (член 8 од Уставот), кое бара дека сите управни акти треба да се донесуваат, согласно со законот и да имаат правни последици само ако се во согласност со законот.
- правото на ефективна правна заштита (член 50 од Уставот), што подразбира дека страните кои успеале во управниот спор треба да добијат целосна правна заштита.
- начелото на еднаквост пред законот (член 9 од Уставот), кое значи дека страните не смее да бидат во нееднаква правна положба поради незаконитост на управниот акт.

Ако договорот остане во сила и покрај тоа што судот утврдил незаконитост на управното решение, странката која успеала во управниот спор нема целосна правна заштита. Наместо да ја врати правната состојба во претходна состојба, ваквиот законски пристап и дозволува на спротивната страна да ги задржи стекнатите права.

Доколку договорот остане во сила, тоа создава нееднаква правна положба меѓу понудувачите - оној што бил незаконито избран ќе продолжи да ги ужива правата од договорот, додека оштетениот понудувач само може да бара надомест на штета.

Како можни решенија, законодавецот би можел да предвиди автоматска ништовност или раскинување на договорот при поништување на управниот акт, воведување на преодни мерки што би овозможиле алтернативна заштита на засегнатите страни или уредување на механизам за реституција што би обезбедил правна сигурност за сите вклучени страни.

Одредбата дека договорот останува во сила по поништувањето на решението за избор на најповолен понудувач е уставно - проблематична од аспект на уставните начела. Поништувањето на управен акт треба да има целосно правно дејство, што значи дека и договорот склучен врз негова основа треба да биде оспорен.

Ваквата правна ситуација создава правна несигурност и доведува до потенцијален судир со начелото на владеење на правото, правото на ефективна празна заштита и начелото на еднаквост пред законот.

Иако може да се разбере дека законодавецот го задржал договорот во сила со цел да се заштитат легитимните очекувања и правата стекнати од страните во договорот, ваквиот пристап може да биде контрадикторен на основниот принцип на управното право. На тој начин, правната сигурност што произлегува од незаконитите акти може да биде доведена во прашање.

Оттука, Судот оценил дека одредбата од член 42 став 4 од Законот за дивечот и ловството не е во согласност со начелото на владеење на правото и правната сигурност како темелни вредности на уставниот поредок и одлучи согласно со член 23 став 4 од актот на судот по сопствена иницијатива да ја оценува уставноста на цитираниот член.

По целосно разгледување на наводите, се смета дека не постојат уставно правни основи за оценување на уставноста на член 42 став 4 од Законот за дивечот и ловството од следниве причини:

1. Заштита на државата и уставниот поредок
Се смета дека со оспорената одредба се врши заштита на државата и уставниот поредок. Ова објаснување се темели на фактот дека договорите што се склучуваат со најповолниот понудувач за користење на дивечот во ловиштата се регулирани со јавен интерес и служат за заштита на природните ресурси. Одржувањето на валидноста на договорот, дури и по поништувањето на управниот акт, може да се оправда како мерка за зачувување на државниот интерес и стабилноста на јавните ресурси, со цел да се избегне евентуално нарушување на балансот на природата и заштита на еколошките и биолошките ресурси.

2. Заштита на дивечот и неговото добро
Понатаму се укажува дека одредбата има за цел заштита на доброто на дивечот, што претпоставува дека одлуката за одржување на договорот во сила е поврзана со стратешкиот интерес на државата да се осигура континуитет во управувањето со ловиштата и дивечот. Прекинот на договорот во случаи на поништување на управниот акт може да предизвика негативни последици за биолошката разновидност, заштита на екосистемите и контрола на популациите на дивечот.

3. Потреба од сериозен концесионер
Воедно, се нагласува значењето на сериозноста на концесионерот за управување со природните ресурси, особено во контекст на заштита на дивечот и управување со ловиштата. Продолжувањето на договорот со доверливи и компетентни концесионери го намалува ризикот од нестабилност и осигурува дека тие ќе ги исполнат обврските на соодветен начин, спречувајќи можност за неуспешно спроведување на управувањето со ресурсите, со нагласување на потребата за стратегија и капацитет кај концесионерите, бидејќи станува збор за долгогодишни обврски кои директно влијаат на одржливоста на природните ресурси и биодиверзитетот. Со горенаведеното, Министерството се обидува да ги ублажи правните импликации на поништувањето на управниот акт и да нагласи дека заштитата на дивечот и неговото добро бара долгорочен и стабилен пристап, кој не се нарушува лесно поради правни спорови. Нашите аргументи се темелат на одржувањето на стабилноста на природните ресурси и државните интереси, со ставање во преден план на заштитата на дивечот и континуитетот на управувањето со ловиштата, што може да се смета како оправдување за задржување на договорите во сила, иако поништениот управен акт веќе нема правна основа.

4. Усогласеност со Законот за општата управна постапка
Во член 15 став (3) од Законот за општата управна постапка е опишано дека Конечниот управен акт е извршен, освен ако со закон поинаку не е определено. Со ова одредба е определено дека за склучениот договор за кој се води управна постапка за негово поништување, а за која има конечен управен акт истиот е извршен.

5. Усогласеност со Законот за управните спорови
Во член 71 став (2) е опишано дека Жалбата против решението не го одлага извршувањето на решението. Со ова одредба јасно се става на знаење дека извршувањето на решението и

склучување на договор е обврзувачко во конкретниот случај од причина што жалбата не го одлага извршувањето на Решението.

6. Усогласеност со Законот за дивеч и ловство.

Во член 39 став (1) точка 1 е опишано дека Корисник на дивеч во ловиште може да биде правно лице-понудувач кој ги исполнува следниве услови:

1) да е способен и регистриран за вршење дејност ловство и да ги исполнува условите од јавниот повик и тендерската документација;

2) да понуди финансиско-инвестициска програма за развој и унапредување на дивечот и ловиштето со акциски план за првите три години од периодот на важноста на договорот за користење на дивечот во ловиштето. За финансиски инвестиции во ловиштето се сметаат финансиски средства кои идниот корисник на дивечот во ловиштето се обврзува да ги вложи за развој и унапредување на дивечот и ловиштето, како што се: инвестиции за изградба на ловностопански објекти, ловнотехнички објекти, инвестиции во дивеч, храна за дивеч, инвестиции во фарми за дивеч, полигони за лов на ситен дивеч, теренски возила, бруто-плати на вработените ловочувари и стручните лица, како и службеното оружје и кои ќе бидат реализирани во првите три години од правниот субјект-корисникот на дивечот во ловиштето;

3) со денот на потпишување на договорот за користење на дивечот во ловиштето да достави доказ дека има вработено најмалку едно стручно лице-ловник со завршено високо образование VII/1 степен или 240 кредити според ЕКТС од областа на шумарските науки или средно образование од шумарска струка со положен испит по предметот ловство/зооекологија и систематика на дивечот и ловочувар/ловочувари за ловочуварска служба согласно со членот 28 од овој закон и

4) доказ за уплата на средства во висина на проценетата вредност на недвижните ствари од членот 9 став (5) од овој закон, доколку претходниот корисник/концесионер доставил до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство процена на вредноста на недвижните ствари - ловностопанските објекти.

(2) Понудувачот од ставот (1) на овој член се обврзува да обезбеди банкарска гаранција за учество во постапка во висина од 10% од понудената финансиско-инвестициска програма за развој и унапредување на дивечот и ловиштето, со времетраење на гаранцијата од 13 месеци.

(3) На избраниот најповолен понудувач, по потпишување на договорот за користење на дивечот во ловиштето, банкарската гаранција од ставот (2) на овој член му се задржува и истиот е должен да ја продолжува редовно и да ја доставува до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за целиот период на важност на договорот.

Имено, понудувачот со доставувањето на финансиско-инвестициска програма за развој и унапредување на дивечот и ловиштето со акциски план за првите три години од периодот на важноста на договорот за користење на дивечот во ловиштето подлежи на сериозен финансиски трошок за развој и унапредување на дивечот и ловиштето, односно презема инвестиции за изградба на ловностопански објекти, ловнотехнички објекти, инвестиции во дивеч, храна за дивеч, инвестиции во фарми за дивеч, полигони за лов на ситен дивеч, теренски возила, бруто-плати на вработените ловочувари и стручните лица, како и службеното оружје и кои ќе бидат реализирани во првите три години од правниот субјект-корисникот на дивечот во ловиштето, како и има обврска со денот на потпишување на договорот за користење на дивечот во ловиштето да достави доказ дека има вработено, најмалку едно стручно лице-ловник со

завршено високо образование VII/1 степен или 240 кредити според ЕКТС од областа на шумарските науки или средно образование од шумарска струка со положен испит по предметот ловство/зооекологија и систематика на дивечот и ловочувар/ловочувари за ловочуварска служба, согласно со членот 28 од овој закон.

Во член 51 од Законот за дивеч и ловство е дополнително опишано дека „Средствата за изработка и рецензија на посебната ловностопанска основа се на товар на корисникот на дивечот во ловиштето, односно управувачот на државното ловиште или ловиште со посебна намена" што дополнително покажува дека корисникот на дивечот во ловиштето, односно управувачот на државното ловиште се соочува со сериозни трошоци за реализирање на договорот.

Оттука, евентуалното одлагање на склучување на договорот, врз основа на донесеното Решение може да резултира со штетни правни и финансиски последици, како за засегнатите страни - понудувачите така и за јавниот интерес.

Врз основа на сите погоре изнесени аргументи, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија при донесувањето на својата одлука да ги има предвид изнесените аргументи во ова мислење, односно да утврди дека оспорената законска одредба е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија.

Точка 33

Владата ја разгледа Понудата од нотар Методија Ристоски од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.9225 за КО Ѓорче Петров 5 - Лепенец, на КП бр.3210/2, викано место/улица „Ѓорче Петров 5“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт.

Точка 34

Владата ја разгледа Понудата од нотар Божидар Вангелов од Гевгелија, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.344, за КО Стар Дојран, на КП бр.772/1, викано место/улица „Партизанска бр.41 А“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

Точка 35

Владата ја разгледа Информацијата со прогрес за начинот на спроведување на испитот за стекнување на лиценца за работа во детска градинка, како материјал за информирање.

Точка 36

Владата ја разгледа Информацијата за извршени вонредни инспекциски надзори во предучилишни установи за деца и во установи за вонсемејна социјална заштита и даватели на социјални услуги кои даваат социјална услуга за привремен престој во период од 21 март 2025 година до 17 април 2025 година, како материјал за информирање.

Точка 37

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на реализација на средствата за капитални дотации за инфраструктурни проекти од областа на образованието и науката за 2024 година, заклучно со 30 ноември 2025 година, како материјал за информирање.

Точка 38

Владата ги разгледа Конечните извештаи за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2024 година на Јавна здравствена установа Општа болница со проширена дејност - Прилеп, сметка за средства од Фондот (737) и сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531), како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност - Прилеп да подготви акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Државниот завод за ревизија и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

Точка 39

Владата ги разгледа конечните извештаи за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2024 година на Агенција за филм на Република Северна Македонија, сметка на основен буџет (603) и сметка на буџет од самофинансирачки активности (787), како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува Агенцијата за филм на Република Северна Македонија да подготви акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Државниот завод за ревизија и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

Исто така, се задолжува Министерството за култура и туризам, да подготви и до Владата да достави информација во однос на постапувањето по забелешките во ревизорскиот извештај.

Точка 40

Владата го разгледа Финалниот извештај за несреќа со параглајдер во околината на Прилеп на 5 јули 2025 година - ACCID 003/2025, како материјал за информирање.

Точка 41

Владата го разгледа Акцискиот план со точно дефинирани активности, рокови и носители за спроведување на дадени препораки од Конечниот извештај од Државниот завод за ревизија за извршена ревизија за успешност на тема „Зелена транзиција преку промовирање на обновливи извори на енергија“, како материјал за информирање.

Точка 42

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, за период од 1 април 2025 година до 30 јуни 2025 година, како материјал за информирање.

Точка 43

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје за период од 1 јули 2025 година до 30 септември 2025 година, како материјал за информирање.

Точка 44

1.Владата го разреши Мустафа Даути, од должноста вршител на должноста заменик - директор на Царинската управа, орган во состав на Министерството за финансии.

1.1 Владата го именува Мустафа Даути за заменик - директор на Царинската управа, орган во состав на Министерството за финансии и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

2. Владата ја разреши Христина Смилевска, од должноста вршител на должноста заменик - директор на Агенцијата за стоковни резерви.

2.1 Владата ја именува Христина Смилевска за заменик - директор на Агенцијата за стоковни резерви и истовремено ѝ утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата го разреши Ерџан Зеќири, од должноста директор на Државниот комунален инспекторат, орган во состав на Министерството за транспорт.

3.1 Владата го именува Бењат Бакији за вршител на должноста директор на Државниот комунален инспекторат, орган во состав на Министерството за транспорт и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

4. Владата го разреши Месуд Јакупи, од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата на стоковни резерви.

4.1 Владата го именува Бесим Кока за вршител на должноста директор на Агенцијата за стоковни резерви и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

5. Владата го разреши Дарко Гацовски, од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Струмица.

5.1 Владата ја именува Наташа Витанов, за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Струмица.

6. Владата го разреши Башким Башкими, од должноста член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Струга, стручен работник од Центарот за социјална работа, на негово барање.

6.1 Владата ја именува Гордана Бицеска за член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Струга, стручен работник од Центарот за социјална работа.

7. Владата ја разреши Александра Манева, од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Радовиш, на нејзино барање.

8. Владата го разреши Стојанче Геровски, од должноста претседател на Управниот одбор на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, на негово барање.

8.1 Владата ја именува Татјана Синадиновска за претседател на Управниот одбор на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија.

9. Владата за членови на Советот за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво - постојани претставници од редот на домашни и меѓународни експерти од областите за кои се распишуваат јавните конкурси за поддршка на иновациите, научно-технолошкиот развој и претприемништвото, за период од две години, по објавен јавен оглас, ги назначи:

- проф.д-р Бејтула Демири,
- проф. д-р Александра Јанеска-Илиев и
- проф.д-р Атанас Кочов.

10. Владата ја именува Даниела Димовска за директор на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво на Република Северна Македонија и истовремено ѝ утврди коефициент за пресметување на плата.

11. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во најмалку три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за избор на 1 (еден) непрофесионално ангажиран член на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување.

Истовремено, по точка 14. од предлог-заклучоците, Владата заклучи Комисијата за именување за наредната седница на Владата да подготви и достави Предлог - одлука за одредување на висина на надоместок за работата на членовите на Советот за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – постојани претставници од редот на домашни и меѓународни експерти од областите за кои се распишуваат јавните конкурси за поддршка на иновациите, научно-технолошкиот развој и претприемништвото.

Точка 45

1. Владата ја разгледа Предлог-одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година и условно ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, доколку предлагачот, се усогласи со Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, по однос на средствата за реализација на проектот „Денови на Свети Сава“ – Одбележување на националниот ден на Србите во Македонија.

Истовремено, се задолжува Министерството за финансии, средствата одобрени за реализација на настанот во износ од 1.000.000,00 денари (со вклучен ДДВ) дополнително да ги прераспредели од Буџетот на Министерството за односи меѓу заедниците, од Потпрограмата 16 „Одбележување на националниот ден на етничките заедници“ во Буџетот на Владата на Република Северна Македонија, Раздел 04001, со изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година.

2. Владата го разгледа Предлог-решението за изменување на Решението за формирање на Комисија за следење на примената и толкување на одредбите на Општиот колективен договор

за јавниот сектор и го донесе Решението, со заклучок текстот на истото да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

3. Владата заклучи предлог - програмите (финансиски планови, инвестициони програми, програми за работа) за користење на средства за 2026 година кои произлегуваат од Буџетот и од другите материјални закони, за две недели да се разгледаат на тематска седница на Генералниот колегиум на државни секретари, како и на заедничка тематска седница на работните тела на Владата.

По одржувањето на заедничката тематска седница на работните тела на Владата, да се одржи тематска седница на Владата.

4. Владата, по повод укажувањето на Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, а во врска со информациите доставени од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, поврзани со иницијативи за започнување на постапка за доделување на концесии за експлоатација на минерални суровини, го задолжи Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да ги повлече материјалите од владина постапка, доколку има добиено негативно мислење/мислења од некоја од надлежните институции, односно, да не бара дополнителни и нови мислења и од останатите засегнати институции.

<u>Точка 46</u>

Владата ја донесе Програмата за научно-истражувачка дејност за 2026 година.

<u>Точка 47</u>

Владата ја донесе Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2026 година.

<u>Точка 48</u>

Владата ја донесе Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2026 година.

<u>Точка 49</u>

Владата го разгледа Извештајот за остварување на чекорот од Реформската агенда „Намалување на користењето на електронските аукции до најмногу 40% од бројот на објавените постапки“, со рок за реализација декември 2025 година, како материјал за информирање.

<u>Точка 50</u>

Владата ја разгледа Предлог годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2026 година и ја донесе Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2026 година (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

<u>Точка 51</u>

Владата го одложи Барањето за давање согласност на Годишната програма за финансирање на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железничкиот превоз на патници за 2026

година, со текст на Годишна програма, за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот предметниот материјал да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Точка 52

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 25 декември 2025 година до 31 декември 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 53

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 1 јануари 2026 година до 7 јануари 2026 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 54

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата за период од 25 декември 2025 година до 31 декември 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 55

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата за период од 1 јануари 2026 година до 7 јануари 2026 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 56

Владата ја разгледа Статутарната одлука за изменување на Статутот на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје.

Точка 57

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за испраќање на тим од Министерството за одбрана за укажување на помош на Република Србија и ја донесе Одлуката, со заклучок во членот 2 од Одлуката, наместо „за период од седум дена“ да стои „за период од 14 дена“.

Точка 58

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за утврдување на вршење на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железничкиот превоз на патници и ја донесе Одлуката за утврдување на вршење на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железничкиот превоз на патници, со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Точка 59

Владата ја разгледа Предлог-програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2026 година и ја донесе Програмата, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Точка 60

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на Акцискиот план со краткорочни мерки за чист воздух за декември 2025 година, како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува Муамет Хоџа, министер за животна средина и просторно планирање да оствари работен состанок со претседателот на ЗЕЛС, со цел да им се препорача на општините да ги следат препораките од Акцискиот план, да постапуваат по истите и да го информираат Министерството за животна средина и просторно планирање.

Точка 61

Владата го разгледа Извештајот за завршени преговори за склучување на Договор за соработка во одбраната помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Државата Катар, со усогласен текст на Договор и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот за соработка во одбраната помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Државата Катар.

2. Го определи министерот за одбрана, м-р Владо Мисајловски, во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Договорот за соработка во одбраната помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Државата Катар.

Точка 62

Владата ги разгледа Финансискиот план на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2026 година и Одлуката за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2026 година, со Предлог-одлука и притоа го утврди следново мислење:

Според член 56 став (1) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 85/03, 40/04, 113/05, 29/07, 88/08, 48/09, 50/10, 171/10, 36/11, 98/12, 13/13, 164/13, 44/14, 192/15, 30/16, 21/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 180/19, 103/21 и 86/25), Агенцијата

најдоцна до 31 декември во тековната година доставува финансиски план за наредната година до Собранието на Република Северна Македонија. Согласно член 56 став (3) точка а) од истиот закон, Агенцијата во 2025 година наплатува месечен надоместок од пензиските друштва во висина од 0,6% од вкупните придонеси уплатени во претходниот месец, при што ист процент се предлага да се задржи и во 2026 година за секој уплатен придонес во пензиските фондови.

Предлог финансискиот план на Агенцијата за 2026 година е утврден врз основа на:

- реализација на Финансискиот план за 2025 година,
- очекувани надоместоци и други приходи во 2026 година,
- реализирање на започнатите активности и новите активности според Годишната програма за работа на Агенцијата за 2026 година и
- планирани расходи за 2026 година.

Финансискиот план прецизно ги детализира изворите и структурата на планираните приходи за 2026 година. Најголем дел од приходите произлегуваат од придонеси од пензиските друштва, што укажува на очекувана стабилност и зависност од динамиката на плаќање, со вкупен износ од 124.500.000 денари. Структурата на приходите ја сочинуваат придонесите од пензиските друштва (112.000.000 денари), приходите од камати (8.500.000 денари) и административните надоместоци (4.000.000 денари), потврдувајќи стабилно и предвидливо финансирање. Препорачливо е да се врши следење на реализацијата по сите ставки, со посебен мониторинг на пазарните движења кои можат да влијаат врз каматните стапки и наплатата на придонесите. Ова ја потврдува финансиската одржливост на Агенцијата во проектираниот период.

Финансискиот план ги дефинира планираните расходи за 2026 година во износ од 124.225.000 денари, со детална распределба за секоја категорија на трошоци. Во Планот е потенцирана рационалноста при предвидувањето на трошоците, со осврт на потребите за квалитетно и ефикасно работење на Агенцијата, како и усогласеноста со законските обврски. Потрошните материјали се планирани на 820.000 денари, што вклучуваат гориво, канцелариски материјали и ситен инвентар. Се забележува зголемување на оваа ставка за 6% во споредба со претходната година. Расходите за потрошена енергија и комунални услуги се планирани на 1.900.000 денари (1.000.000 денари за електрична енергија и 900.000 денари за вода, други комунални услуги и парно греење). Овие трошоци се намалени за околу 5% во однос на 2025 година, како резултат на воведувањето обновливи извори на електрична енергија преку соларни панели, односно фотонапонски систем.

Планираните расходи за инвестиционо одржување на средства изнесува 40.000 денари и тоа само за инсталација и одржување на системот за заштита од пожар.

Планираните расходи за категоријата „Други услуги" во износ од 17.820.000 денари од Финансискиот план ги вклучуваат широк спектар услуги, од одржување на софтвер и информативни активности до сервисирање на опрема. Обезбедувањето континуитет и ажурирање на критични софтверски системи (пензиски столбови, сметководство и архиви) е неопходно за стабилноста на пензискиот систем, па затоа вложувањето во оваа област е оправдано. Одржувањето на секундарна локација е важна мерка за заштита на податоците и континуитет на услугата, што е клучно за финансиска институција. Информативните активности, насочени кон подигање на свесноста на јавноста и членовите, се во согласност со законските обврски и стратешката улога на Агенцијата. Планираниот раст на расходите од околу 12% во споредба со 2025 година се должи на инфлаторни притисоци, зголемени трошоци за ИТ услуги и потреба од подобрување на инфраструктурата и сервисите.

Расходите за транспортни услуги се планирани на исто ниво како во 2025 година, односно 100.000 денари. Трошоците за реклама и репрезентација се значително поголеми, 1.600.000 денари, зголемени за околу 6% во однос на 2025 година, поради зголемени активности и соработка со домашни и странски институции. Во категоријата наемнини се планирани 2.350.000 денари со зголемување од околу 40%, со значителен дел за лизинг на возила (2.000.000 денари). Други материјални услуги се планирани на 755.000 денари со зголемување од 7%, додека провизиите за платен промет остануваат на исто ниво од 100.000 денари.

Премиите за осигурување се зголемени за 36%, планирани на 190.000 денари, патните и дневните трошоци се 2.100.000 денари, а членарините се намалени за 23% на 900.000 денари. Интелектуалните услуги се најголема категорија со планирани расходи од 6.430.000 денари, зголемени за 40%. Останатите други расходи се планирани на 720.000 денари со зголемување од 26%. Средствата за градежни објекти се проценети на 1.800.000 денари, со значително зголемување поради реконструкција на простории. Средствата за опрема се 4.100.000 денари, со зголемување од 34%, додека други капитални средства се планирани на 3.700.000 денари, намалени поради одложена набавка на софтвер.

Вкупните плати и надоместоци достигнуваат 78.000.000 денари, значително зголемени поради пополнување на работни позиции, а даноците и придонесите се планирани на 800.000 денари. Од овие ставки, количинските и процентуалните промени се добро образложени и се во согласност со планираните активности, зголемените потреби за јавно сервисирање, унапредување на човечките ресурси и инфраструктурни подобрувања.

Согласно наведените категории на Финасискиот план на Агенцијата се планира износ од 275.000 денари како разлика помеѓу вкупните приходи и вкупните расходи. Ова укажува на добро водење на финансиското планирање и усогласеност со стратешките цели на Агенцијата за 2026 година.

Во Одлуката за висината на месечниот надоместок што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2026 година е наведено дека истата е во согласност со член 56 од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување. Висината на месечниот надомест, што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од секое пензиско друштво, за 2026 година, изнесува 0,6% од вкупните придонеси уплатени во претходниот месец во секој пензиски фонд со кој управува пензиското друштво. За оценката на надоместот за 2026 година биле изготвени анализи на расходната и приходната страна од финансирањето на Агенцијата. За расходната страна биле користени предвидените расходи на Агенцијата согласно Финансискиот план на Агенцијата за 2026 година, додека за приходната страна биле изготвени анализи врз основа на проекциите на приливите на придонеси во задолжителните и доброволните пензиски фондови (кои се основа за пресметка на надоместот). Исто така, бил земен предвид делот од заштедите кои Агенцијата ги остварила во претходните години.

Во став (4) од истиот член на Законот е пропишано дека висината на наведените надоместоци ја утврдува Советот на експерти на Агенцијата, а на која согласност дава Собранието на Република Северна Македонија. По добивање на согласност од Собранието на Република Северна Македонија, одлуката за висината на тие надоместоци се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Финансискиот план на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2026 година е изработен во согласност со законските прописи и стратешките цели на Агенцијата. Планот детално ги излага изворите на приходи, кои главно се состојат од придонеси од пензиските друштва, како и приходите од камати и административни

надоместоци. Приходите се проектирани со очекувана стабилност, со следење на пазарните движења и каматните стапки. Расходите се планирани рационално, во согласност со потребите за ефикасно работење, вклучувајќи трошоци за потрошни материјали, енергија, други услуги и капитални средства. Особено се истакнува значењето на инвестирањето во информативни активности и ИТ инфраструктура, како и оправданоста на вложувањата во одржување на секундарна локација за заштита на податоци.

Финансискиот план и Одлуката за висината на месечниот  надоместок што го наплатува Агенцијата за супервизија се добро образложени, со јасна структура на приходи и расходи, која обезбедува финансиска одржливост за следната година.

Предлог-одлуката за согласност на Одлуката за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2026 година, од формално—правен аспект има потреба од редакциско подобрување.

Согласно Финансискиот план на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2026 година и Одлуката за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2026 година, приходите се планирани во износ од 124,5 милиони денари и се за 20,8% повисоки во однос на одобрените приходи во 2025 година. Најголемо учество во планираните приходи од 90% има месечниот надоместок од придонеси кој се наплатува од пензиските друштва. Останатите 10 % претставуваат административни надоместоци и приходи од камати.

Кај расходната страна, најголемото зголемување во апсолутен износ има во ставката „Вкалкулуирани плати и надоместоци", кои од 50 милиони денари се зголемуваат за 28 милиони денари (или за 56%) и ќе изнесуваат 78 милиони денари во 2026 година. Во однос на оваа ставка, во Финансискиот план е наведено дека зголемувањето е поради потребата за пополнување на седум работни места, при што не е дадено детално образложение од која причина е потребата за зголемување на вработените за нови седум лица. Дополнително, зголемување од 40,4% (или зголемување од 1,8 милиони денари) има кај ставката „интелектуални и други услуги".

Во врска со тоа што во 2026 година се предвидува значително зголемување на ставката за плати за вработените во Агенцијата, односно за 56% повеќе во однос на 2025 година, да се преоцени предвидената висина на ставката за плати, односно да се даде детално образложение за потребата од зголемување на бројот на вработените. Исто така, да се изврши преиспитување на потребата од висината на планираните трошоци за интелектуални услуги кои се планираат да бидат повисоки за 40,4% во однос на планираните трошоци за оваа услуга во 2025 година. По однос на Одлуката за висината на месечниот надоместок кој Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување го наплатува од пензиските друштва за 2026 година, да се разгледа можноста за намалување на постоечката стапка од 0,6% бидејќи овој износ е на товар на граѓаните кои се членови во вториот и третиот пензиски столб со што им се намалуваат нивните приноси на уплатените средства.

Согласно горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија по Финансискиот план на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2026 година и Одлуката за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2026 година, со Предлог-одлука, дава позитивно мислење со укажувања.

Точка 63

Владата ја разгледа Информацијата за реализирани активности во рамки на националната постапка за номинирање на три кандидати од Република Северна Македонија за судија во Европскиот суд за човекови права од страна на Комисијата за избор на кандидати на Република Северна Македонија за судија во Европскиот суд за човекови права и ја усвои и задолжи Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, преку Постојаната мисија на Република Северна Македонија при Совет на Европа во Стразбур, во рок од три дена, да ја достави листата доставена од страна на Комисијата за избор на кандидати на Република Северна Македонија за судија во Европскиот суд за човекови права со три кандидати (по азбучен ред) и тоа: Апостолски Јордан, Бошкова Наташа и Георгиевски Сашо, заедно со извештај за националната постапка до Меѓународниот советодавен панел на експерти на Совет на Европа со цел обезбедување на мислење.

Точка 64

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Предлог-одлука бр. 1/2026 на Советот за партнерство, трговија и соработка меѓу Северна Македонија и Обединетото Кралство за изменување на Протокол 4 во врска со дефиницијата на концептот „производи со потекло" и методите на административна соработка на Спогодбата за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, со усогласен текст на Одлука и ја усвои со следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Го прифати усогласениот текст на Одлуката бр.1/2026 на Советот за партнерство, трговија и соработка меѓу Северна Македонија и Обединетото Кралство за изменување на Протокол 4 во врска со дефиницијата на концептот „производи со потекло" и методите на административна соработка на Спогодбата за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска.

2. Се определува д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, во име на Владата на Република Северна Македонија, да ја потпише Одлуката бр.1/2026 на Советот за партнерство, трговија и соработка меѓу Северна Македонија и Обединетото Кралство за изменување на Протокол 4 во врска со дефиницијата на концептот „производи со потекло" и методите на административна соработка на Спогодбата за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска.

Точка 65

Владата ја разгледа Информацијата за Програмата на економски реформи 2026-2028 година, со текст на Програма и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Програмата на економски реформи 2026-2028 година.

2. Се задолжува министерот за финансии да ја достави Програмата на економски реформи 2026-2028 година до Европската комисија, до 15 јануари 2026 година.

Точка 66

Владата ја разгледа Информацијата од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори, за постапување по заклучок на Владата на Република Северна Македонија за избор на меѓународна адвокатска куќа за

изготвување на правно мислење за постоење на факти и околности за поведување на арбитражна постапка во врска со склучени договори за доделување на државна помош и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати предлогот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори за избор на меѓународна адвокатска куќа со експертиза во меѓународна арбитража, вклучувајќи ICC комерцијална арбитража, во врска со склучени договори за доделување на државна помош согласно утврден опфат на работа и тоа за адвокатската куќа Three Crowns LLP.

2. Се задолжува претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражните постапки произлезни од меѓународните договори, во рок од три дена да ја извести избраната адвокатска куќа Three Crowns LLP.

3. Се овластува претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражните постапки произлезни од меѓународните договори да ги потпише правните исправи, потребни за ангажирање и за тоа во рок од три дена да ја информира Владата.

4. Се задолжува Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори да го разгледа Договорот за доделување на државна помош бр.13-1007/1 од 19.8.2020 година на Друштвото за производство и трговија Дура аутомотиве екстружонс ДООЕЛ Илинден и Dura automotive holdings U.K. LTD, со цел утврдување на постоење на околности и услови за поведување на арбитражна постапка, односно да прибави извештај и правно мислење од избраната меѓународна адвокатска куќа за овој договор.

<u>Точка 67</u>

Владата повторно ја разгледа Информацијата за иницијативата на Министерството за здравство за аплицирање за грант од Фондот за пандемии, со прилог Апликација за грант (усогласена со Министерството за финансии) и ја усвои со следните заклучоци:

1. . Се задолжуваат д-р Азир Алиу, министер за здравство и м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии да го потпишат писмото кое е составен дел на дополнувањето на апликацијата за грант од Фондот за пандемии.

2. Се задолжува д-р Оливер Миланов, директор на Агенцијата за храна и ветеринарство да го потпише писмото кое е составен дел на дополнувањето на апликацијата за грант од Фондот за пандемии.

3. Се задолжува д-р Марија Андоновска, директор на Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија да го потпише писмото кое е составен дел на дополнувањето на апликацијата за грант од Фондот за пандемии.

<u>Точка 68</u>

Владата го разгледа Предлог-решението за назначување на национален ИПА координатор (НИПАК) за управување со претпристапните фондови ИПА, ИПА II и ИПА III од Европската Унија за Република Северна Македонија и го донесе Решението, со заклучок текстот на истото да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

<u>Точка 69</u>

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2026 година.

<u>Точка 70</u>

Владата, го одложи од разгледување Предлогот на закон за јавното обвинителство, за наредната седница на Владата.

*

*         *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:20 часот.